PORSCHE
HOLDING

# НАШ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

# СОДРЖИНА


## ДЕЈСТВУВАМЕ КАКО ЦЕЛИНА

## ПОСВЕТЕНИ СМЕ И КАКО ПОЕДИНЦИ

**1.1** Човекови права
**1.2** Етичко лидерство
**1.3** Различност, еднакви можности и рамноправно учество
**1.4** Слобода на говор
**1.5** Застапување на вработените

## НИЕ СМЕ СИГУРНИ КОЛЕГИ

**2.1** Здравје и безбедност на работата
**2.2** Ракување со имотот на компанијата
**2.3** Безбедност и заштита на информации, знаење и интелектуална сопственост

## НИЕ СМЕ ОДГОВОРНИ ПАРТНЕРИ

**3.1** Конфликт на интереси
**3.2** Предности
**3.3** Забрана за корупција
**3.4** Забрана за инсајдерско тргување
**3.5** Забрана за перење пари и финансирање тероризам
**3.6** Фер и слободна конкуренција
**3.7** Деловни партнери, набавки и продажба
**3.8** Сметководство и финансиско известување
**3.9** Контола на извоз

## НИЕ СМЕ ДОБРИ КОРПОРАТИВНИ ГРАЃАНИ

**4.1** Комуникација и маркетинг
**4.2** Политичко лобирање
**4.3** Работи со јавни службеници
**4.4** Донации и општествено спонзорство
**4.5** Даноци и царини
**4.6** Заштита на податоците
**4.7** IT безбедност
**4.8** Ускладеност на производите
**4.9** Заштита на животната средина

## ПОДДРШКА


Internal

Горди
сме на
работата
што ја
работим
е.

I

II

III



IV

Ние, не јас.

Ние си стоиме на зборот.

V

VI

VII

# НИЕ СМЕ ЦЕЛИНА

**Нашите основи за интегритет и усогласеност**



## Дејствуваме како целина

**Кодексот на однесување на Porsche Холдинг, НАШ КОДЕКС, е етички и вредносен темел за постапување со интегритет во согласност со правилата во нашата Група. Служи како обврзувачко упатство за сите вработени во сите брендови и компании - ширум светот.**

Заедно, сносиме одговорност за нашата соработка, нашето работно место, животната средина, одржливоста и општеството. Со почит си приоѓаме меѓу себе и кон сите околу нас, како наши еднакви. Заземаме став, постојани сме и храбри во одбраната на нашите вредности и принципи - без оглед на временскиот, економскиот или социјалниот притисок.

Цврсто веруваме дека е неопходно за секој од нас - вработени, членови на Управниот одбор и менаџери - да дејствуваме чесно со цел да ја поттикнеме довербата во нашата компанија, нашите производи, услуги и иновации. Затоа, одлуките што ги носиме во сите области на работа и во сите улоги мора да бидат во согласност со нашите корпоративни вредности и важечките национални и меѓународни закони, регулативи и внатрешни

rnal

и и за постојаниот развој на нашата компанија, како и за избор, набавка, развој и употреба на иновативните технологии како што е вештачката интелигенција. 6

Транспарентноста ни е важна и нашиот пристап кон иновативните технологии обезбедува почитување на правата и безбедноста на корисниците.

Не толерираме повреда на Кодексот на однесување. Секој кој ќе ги повреди нашите правила мора да очекува соодветни последици. За да спречиме тоа да се случи, бараме совет и поддршка за да ги заштитиме нашата компанија, нејзините вредности и угледот на сите брендови заедно.

Секој од нас е лично одговорен за почитување на **НАШИОТ КОДЕКС**. На сите нас е да се запознаеме со принципите на Кодексот и да се раководиме со нив во нашето секојдневно донесување на одлуки. За активностите на Групата, за заштита на луѓето и животната средина и за идните генерации.



Internal

# ПОСВЕТЕНИ СМЕ И КАКО ПОЕДИНЦИ

**Ги прифаќаме нашите корпоративни вредности, принципи и правила, а со тоа промовираме доверлива, искрена и фер интеракција едни со други. Сите ние сме примери.**



1.1 Човекови права
1.2 Етичко лидерство
1.3 Различност, еднакви можности и рамноправно учество
1.4 Слобода на говор
1.5 Застапување на вработените

## 1.1 Човекови права

# Прифаќаме одговорност за човековите права

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Почитувањето на човековите права е од најголема важност. Убедени сме дека одржливата економска активност е можна само ако се однесуваме етички и со интегритет. Како дел од нашата претприемничка активност, ние сме целосно посветени на нашата одговорност во однос на човековите права. Управниот одбор на групата, Европскиот работнички совет за Porsche Холдинг Група и глобалниот работнички совет на Volkswagen Групата ја исполнија оваа одговорност во Декларацијата на Групата за социјалните права, индустриски и деловни и човекови права, позната како Социјална повелба.

Ја потврдуваме нашата посветеност на главните меѓународни договори и декларации, особено на Меѓународниот закон за човекови права и основните стандарди на работа на Меѓународната организација на трудот (ILO). Нашите претприемачки активности се во согласност со Водечките принципи на ОН за работењето и човековите права (Глобален договор на ОН), кои ја одредуваат основата на нашите активности.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Јас, како вработен, можам да дадам свој придонес за почитувањето на човековите права.
Човековите права ги сметам за основна насока и јас сум против кршењето на човековите права што се случуваат околу мене или за кои сум свесен.

Доколку забележам кршење на човековите права во мојата професионална средина, веднаш ги спречувам или прекинувам. Доколку е потребно, го известувам мојот претпоставен или контактирам со некој од контактите наведени во „Поддршка“.

### ПРИМЕР

Некој ве известил дека еден од нашите добавувачи не им исплаќа плата на вработените и ги прекршува законите за работни односи со тоа што толерира 80-

часовни работни недели.
Дополнително, платата на дел од вработените кај добавувачот е под минималната заработка.

Известете го Системот за укажувачи на вашите претпоставени за прекршување на човековите права. Нашата компанија подетално ќе ги истражи наводите и ќе ги преземе потребните мерки. Ова може да вклучува и прекинување на деловниот однос со дотичниот добавувач.



## 1.2 Етичко лидерство

# Нашите вредности се она што не води

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Ги прифаќаме нашите корпоративни вредности, принципи и правила, преземаме одговорност и за личниот и за корпоративниот раст и се водиме со пример. Ние ги извршуваме нашите должности и управуваме со нашите овластувања и улоги на чесен и одговорен начин. Ова исто така важи и за личните односи на работното место, особено до степен до кој може да се злоупотребат постоечкото работно ангажирање или хиерархиските зависности. Нашите одлуки се секогаш транспарентни, покажуваат добро расудување, се водат од интегритет и се носат во најдобар интерес на компанијата и нејзините вработени, деловните партнери и акционерите. Градиме доверба и обликуваме промени во компанијата преку нашето лидерство засновано на вредности.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Свесен/на сум за мојата улога како пример и во Компанијата и во поширок контекст. Моето однесување и постапки секогаш се водени од интегритетот и чувството на одговорност и се засноваат на овој Кодекс на однесување, нашите корпоративни вредности, принципи и правила. Се залагам за меѓусебна интеракција во дух на доверба, искреност и правичност и отворен/а сум за различни гледишта.

**ПРИМЕР**

За да го завршите проектот според распоредот, вашиот тим би сакал да прескокне еден чекор во процесот. Велат дека тој чекор е непотребен. Посочувате дека мора да се почитуваат важечките правила, без разлика на било каков притисок. Заедно барате решение кое е во согласност со барањата и нашите вредности. Се обврзувате да го прегледате процесот во соработка со сите вклучени и, каде што е можно, да заштедите. На тоа се обврзувате како менаџер и член на тимот.

## 1.3 Различност, еднакви можности и еднакво учество

# Живееме различност

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Различноста, еднаквите можности и еднаквото учество се важни принципи за правична и недискриминаторска коегзистенција. Ние веруваме во соработка во духот на партнерството, во толеранцијата и меѓусебното почитување. Негуваме различност кај нашиот персонал и поддржуваме инклузивна работна средина.

Нудиме еднакви можности за сите и ги отфрламе сите форми на дискриминација. Ова особено се однесува на нееднаков третман поради етничко или социјално потекло, боја на кожа, биолошки пол, националност, јазик, религија, идеологија, возраст, физичка или ментална попреченост, родов идентитет, сексуална ориентација, политички ставови или која било друга карактеристика заштитена со закон. Ја живееме различноста, активно ја поддржуваме инклузивноста и создаваме средина која не само што ја поттикнува ангажираноста на сите вработени, туку и ја негува индивидуалноста на секој вработен во интерес на компанијата.

Нашите вработени се избираат, ангажираат и обучуваат врз основа на нивните квалификации и вештини.

## МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги почитувам принципите на различност, еднакви можности и еднакво учество и ги охрабрувам луѓето околу мене да го сторат истото.

Доколку видам какви било прекршувања на принципите на еднакви можности и еднакво учество, како што се нееднаков третман, вознемирување и малтретирање, ги известувам моите претпоставени за нивното недолично однесување. Доколку не сум во позиција директно да влијаам на настаните, веднаш го информирам одделот за човечки ресурси за инцидентот или стапувам во контакт со контактите наведени во поглавјето „Поддршка".

### ПРИМЕР

Слушате дека некои од луѓето со кои работите коментираат за луѓето без почит врз основа на нивната националност, пол, сексуална ориентација или боја на кожа.

Или веднаш зборувајте за оваа дискриминација или веднаш стапете во контакт со еден од контактите наведени во делот „Поддршка".

## 1.4 Слобода на говор

# Ние кажуваме кога е нешто погрешно

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Сакаме да учиме од грешките и постојано да се подобруваме. Затоа зборуваме за погрешните постапки и информираме штом нешто не е во ред, дури и ако е тоа незгодно и непријатно. За да го направите ова, промовираме култура на интегритет и активно бараме дијалог во нашиот тим и со нашите супервизори. Бараме совет и поддршка доколку имаме прашања и проблеми. Ги штитиме сите што придонесуваат за оваа култура.

За нас, почитувањето на надворешните и внатрешните правила е несомнено во секое време. Не толерираме недолично однесување. Сметаме дека замижувањето пред некој проблем никогаш не може да доведе до вистинско решение. Затоа реагираме веднаш и адекватно на недоличното однесување и прекршување на нашите правила.

Менаџерите секогаш даваат пример преку однесувањето во согласност со нашите правила и прописи. Тие ја извршуваат оваа важна функција преку поддршка на вработените да се придржуваат до правилата, промовирајќи култура на признавање грешки и





та.

## МОЈОТ ПРИДОНЕС

Мојата прва точка на контакт за прашања, грижи или разумно сомневање за прекршување на внатрешните или надворешните прописи е мојот супервизор, или пак, може да побарам совет од релевантни експерти. Одделот за човечки ресурси и претставниците на вработените, како и одделот за усогласеност, исто така се достапни за да се обезбеди поддршка. Дополнително, треба да го пријавам секое разумно сомневање за сериозни прекршувања на регулативата преку системот на укажувачи. Како вработен на ниво на менаџмент, од мене се бара да го пријавам секое такво сомневање.

## ПРИМЕР

Рокот за предлог-одлуката доставен до комисијата истекол и сте забележале дека вие и вашиот тим сте направиле грешка. Знаете дека не е можно да се донесе смислена одлука врз основа на дадените податоци

Веднаш известете го својот претпоставен и одделенијата одговорни за комисијата. Заедно, пронајдете начин да го поправите документот. Дополнително, вие и вашиот тим разговарајте како таквите грешки може да се избегнат во иднина.

## 1.5 Застапување на вработените

# Работиме заедно, како блиски партнери – конструктивно, кооперативно и фер

Го препознаваме основното право на сите вработени на основање на синдикати и претставништва на вработените.

Посветени сме на соработката со претставните на вработените, искрено и во доверба, како и водење на конструктивен и соработнички дијалог и стремеж за праведен биланс на интереси. Професионалните односи со претставниците на вработените се дел од нашата корпоративна култура.

Зачувување на иднината на Групата и нејзините вработени се реализира во духот на кооперативното управување со конфликти и социјална посветеност, врз основа и со цел обезбедување на економска и технолошка конкурентност. Економска ефикасност и заштита на работните места се подеднакво рангирани и заеднички цели.

# НИЕ СМЕ СИГУРНИ КОЛЕГИ

**Сериозно ја сфаќаме нашата одговорност на работното место и го штитиме тоа што е вредно за нашиот тим, нашата компанија и нашите клиенти.**



2.1 Здравје и безбедност на работата

2.2 Ракување со имотот на Компанијата

2.3 Безбедност и заштита на информации, знаење и интелектуална сопственост

## 2.1 Здравје и безбедност на работата

# Ги почитуваме и промовираме здравјето и безбедноста

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Својата одговорност за безбедност и здравје на нашите вработени ја сфаќам многу сериозно. Промовираме здравје и безбедност на работата во согласност со одредбите на националните закони и прописи и со политиките за здравје и безбедност на работата на Компанијата.

Здравјето и безбедност на работата за сите вработени се од суштинска важност за обезбедување на одржлива иднина на нашата компанија и за позиционирање на нашата компанија како активен работодавач. Сите незгоди на работата и болестите во врска со работата генерално можат да се спречат. Затоа нашата цел е да обезбедиме заштита и унапредување на физичкото и менталното здравје, а тоа бара соработка и учество од сите.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги почитувам прописите и упатствата за здравје и безбедност на работата. Не го загрозувам своето здравје и безбедност или здравјето и безбедноста на својот тим или на трети лица. Ги поддржувам, не ја игнорирам неправдата и прифаќам помош.

Во рамките на својата област на одговорност, ги преземам сите соодветни и законски мерки да обезбедам безбедно работно опкружување. Укажувам на небезбедни дејства или услови.

Активно придонесувам за зачувување и подобрување на моето здравје преку доброволно учество во активности за превентивна здравствена заштита и активности за промоција на здравјето. Ги следам упатствата, посетувам тренинзи и ги усогласувам моите секојдневни активности со нив.

### ПРИМЕР

Приметивте дека уредот во Вашето одделение има електричен дефект.
Не го вклучувајте уредот и известете го надлежното лице да координира понатамошни мерки. Не е дозволено самостојно поправање на електричната опрема, тоа може да биде опасно.

## 2.2. Ракување со имотот на компанијата

# Ние го штитиме нашиот имот – видлив и невидлив

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Го почитуваме материјалниот и нематеријалниот имот на компанијата и не ја користиме во неделовни цели, туку исклучиво за постигнување на деловни цели на компанијата. Исклучоци се возможни ако интерните политики и упатства дозволуваат приватна употреба.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Ги почитувам правилата на компанијата и со внимание постапувам со нејзиниот имот.

### ПРИМЕР

Вашата ќерка Ве прашува дали можете да ѝ донесете дома блокови и пенкала од канцеларијата да ги користи за во училиште.

Објаснете ѝ дека не Ви е дозволено да ја користите канцелариската опрема во приватни цели.

## 2.3. Безбедност и заштита на информации, знаење и интелектуална сопственост

# Ги заштитуваме информациите и интелектуалната сопственост

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Свесни сме за вредноста на знаењето кое го поседува компанијата и многу се грижиме да го заштитиме. Ја почитуваме интелектуалната сопственост на конкурентите, деловните партнери и другите трети страни.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Со сите информации на компанијата постапувам внимателно и не им ги откривам на неовластени лица. Особено внимавам на информациите кои се однесуваат на техничкото знаење, патентите и деловните тајни.

### ПРИМЕР

Вашиот технички изум наскоро ќе влезе во сериско производство. Размислувате да му кажете на колегата за тоа кога ќе се сретнете во возот на пат кон дома.

Имајте предвид дека идеите и патентите исто така се интелектуална сопственост на компанијата и не расправајте за нив во јавноста. Ако имате какви било проблеми, Ве молиме контактирајте го Вашиот претпоставен или соодветниот оддел.



# НИЕ СМЕ ОДГОВОРНИ ПАРТНЕРИ

Довербата е нашето најголемо богатство. Затоа се потпираме на чесни, доверливи, транспарентни и фер деловни односи.



3.1 Конфликт на интереси
3.2 Предности
3.3 Забрана за корупција
3.4 Забрана за инсајдерско тргување
3.5 Забрана за перење пари и финансирање тероризам
3.6 Фер и слободна конкуренција
3.7 Деловни партнери, набавки и продажба
3.8 Сметководство и финансиско известување
3.9 Контрола на извоз

### 3.1 Конфликт на интереси

# Одлуките ги донесуваме врз основа на факти и на тој начин избегнуваме конфликт на интереси





**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Ние дејствуваме со интегритет. Затоа ни е особено важно да избегнеме создавање потенцијални конфликти на интереси при извршувањето на нашите работни обврски и да ги препознаеме и обелодениме евентуалните конфликти со кои се соочуваме или кои ги забележуваме. Потенцијален конфликт на интереси веќе постои доколку приватните или личните финансиски интереси на вработените влијаат или би можеле да влијаат на нивните деловни одлуки. Ова исто така важи и за личните односи на работното место, особено во однос на постоечките работни односи или хиерархиските зависности.

Конфликт на интереси може да настане и од самите вработени и од лица поврзани со нив, особено како резултат на ангажирање во други компании, преку секундарно вработување, во врска со членството или во врска со личните финансиски околности на вработените. Во овој контекст, деловните односи со трети лица, како што се други компании во Групата или добавувачи, исто така може да бидат релевантни.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Доколку откријам дека се соочувам или се сомневам дека може да се соочам со потенцијален конфликт на интереси, веднаш ќе го известам мојот претпоставен и релевантните одделенија за човечки ресурси и усогласеност и ќе ги обелоденам фактите со кои располагам. Доколку дојде до конфликт, заеднички ќе бараме решение кое ги штити интересите на компанијата.

**ПРИМЕР**

Работите во набавки и сте распишале тендер. Дознавате дека вашиот најдобар пријател има удел во една од компаниите што ја дале понудата.

Известете го вашиот претпоставен за ситуацијата, документирајте го потенцијалниот конфликт на интереси и повлечете се од процесот на донесување одлуки за да избегнете каква било појава на конфликт на интереси.

## 3.2 Предности

# Внимателно ги проверуваме сите предности

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Нашите производи и услуги дефинираат кои сме ние. Затоа, бенефициите во форма на подароци и покани се дозволени само доколку се соодветни.

Нашите внатрешни политики за ракување со подароци, покани и деловни оброци одредуваат кои придобивки се соодветни и кои чекори треба да се преземат кога ги прифаќате и/или одобрувате.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Запознаен сум и строго се придржувам до политиката за справување со подароци, покани и деловни оброци.

Ќе проверам дали моето однесување е соодветно и дали може да влијае на моите деловни одлуки.

**ПРИМЕР**

Вработените кај деловниот партнер ви подаруваат Bluetooth слушалки како роденденски подарок. Дури и ако сте сигурни дека прифаќањето на овој подарок не влијае на деловните односи, сепак треба критички да ја разгледате користа и нејзината соодветност врз основа на важечката политика за бенефиции.

Ако се двоумите, побарајте совет од вашиот претпоставен и заедно одлучете дали да го прифатите или одбиете подарокот.



### 3.3 Забрана за корупција

# Не поткупуваме други и не прифаќаме поткуп

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Корупцијата е забранета во светот. Корупцијата значи дека некој ја злоупотребува својата професионална положба за да добие предност за себе или за трето лице и со тоа да им наштети на другите.

Придобивките како што се поканите и подароците, особено за јавните службеници, може да бидат доказ за корупција. Затоа, придобивките треба да бидат исклучоци во деловните трансакции. Придобивките може да се доделуваат или прифатат само во рамките на внатрешните политики и важечките закони.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Не поткупувам други и лично не примам поткуп, а избегнувам дури и појава на недолично влијание. Се информирам со консултирање на внатрешните правила пред давање или прифаќање подароци и издавање или прифаќање покани.

Ако добијам навестувања за корупција, веднаш известувам еден од контактите наведени во делот

**ПРИМЕР**

„Поддршка".





### Забрана за инсајдерска трговија

# Не го споделуваме нашето интерно знаење

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Вие работите на развој на софтвер и од вас се бара да нарачате голем под-проект кај надворешен добавувач на услуги. Еден од провајдерите на услуги кои се повикани да поднесат понуда ви нуди голема сума пари доколку се погрижите нивната компанија да ја добие нарачката.

Однесувањето на давателот на услугите претставува обид за корупција. Веднаш контактирајте го надредениот или релевантното одделение за усогласеност.

Ние управуваме со информациите поврзани со споделување на учинокот на Компанијата во согласност со барањата на пазарот на капитал и не толерираме какво било тргување со повластени податоци. Инсајдерските информации се информации од прецизна природа кои не се јавно обелоденети и кои, доколку се обелоденат, веројатно ќе имаат значително влијание врз цената на релевантниот финансиски инструмент, на пример, акциите. Можеме да користиме само знаење поврзано со проекти и процеси релевантни за инсајдерите, во согласност со важечките внатрешни политики и не смееме да го откриеме тоа знаење на која било надворешна страна, вклучително и членови на семејството, на пример, брачен другар.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Јас не се занимавам со инсајдерско тргување, ниту давам такви препораки на трета страна или охрабрувам трета страна да се вклучи во инсајдерска трговија. И не само тоа, не откривам внатрешни информации освен ако тоа е неопходно во текот на мојата редовна работа и се придржувам до релевантните

внатрешни политики. Се обврзувам дека ќе се запознаам со важечките внатрешни правила.

Ако имам пристап до инсајдерски информации, не купувам или продавам никакви финансиски инструменти врз основа на овие информации. Ова не се однесува само на тргувањето со акциите на наведените компании кои припаѓаат на Групата или нивните деривати, туку и за тргувањето со финансиски инструменти воопшто, односно оние од добавувачите.

**ПРИМЕР**

Преку својата работа дознавате дека наскоро ќе биде објавено аквизиција на голема компанија позната ширум светот. Како дел од вашата работа, информирани сте дека цената на акциите на компанијата значително ќе се зголеми кога ќе се објави оваа трансакција. Знаете дека еден добар пријател моментално размислува дали да ги продаде своите акции во нашата компанија. Размислувате да му кажете на својот пријател дека треба да се откаже од продажба на своите акции.
Не му давајте совет на пријателот од која било причина. Бидејќи информациите за кои знаете не се јавни, туку интерни сознанија, во никој случај не ви е дозволено да го споделите ова знаење со други. Пренесувањето на ова знаење директно или индиректно би ве направило виновни.



Internal

## 3.5 Забрана за перење пари и финансирање тероризам

# Ние сме посветени на чистото работење

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Перењето пари се случува кога средства или друг имот кои, директно или индиректно, потекнуваат од кривични дела, се ставаат во оптек во легалната економија, со што нивниот извор изгледа легален. Финансирањето на тероризмот се случува кога пари или други ресурси се ставаат на располагање за извршување на терористички дела или за поддршка на терористички организации. Одговорноста не бара инволвираната личност да биде свесна дека парите се перат преку релевантната трансакција. Ненамерното учество во перење пари може да биде кривично дело за инволвираните страни.

Внимателно го проверуваме идентитетот на клиентите, деловните партнери и другите трети лица со кои сакаме да соработуваме. Нашата декларирана цел е да работиме исклучиво со партнери со добра репутација, кои работат во согласност со законските одредби и кои користат ресурси од легитимни извори.

Дојдовните уплати им ги доделуваме на соодветни служби без одложување и ги прокнижуваме во согласност со тоа. Обезбедуваме транспарентни и отворени парични текови

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Не преземам никакви дејствија што би можеле да ги прекршат прописите за перење пари во земјата или во странство. Внимателен/на сум и веднаш го проценувам секое сомнително однесување на клиентите, деловните партнери и другите трети страни. Доколку постојат информации кои даваат доволно основа за сомневање, веднаш стапувам во контакт со лицето за контакт одговорно за спречување перење пари.

Ги почитувам сите важечки одредби за евидентирање и книжење трансакции и договори во мојата област на одговорност во сметководствениот систем.

### ПРИМЕР

Клиентот би сакал да склучи договор за финансирање, но одбива да достави некои од вообичаените документи кои се неопходни за комплетирање на финансиската документација.

Документите ви се потребни за да го склучите договорот за финансирање. Доколку не се достават документи како самообјавување или не се покаже лична карта, тогаш овој договор не може да се склучи.







Inte

## 3.6 Фер и слободна конкуренција

# Ние сме посветени на фер и слободна конкуренција

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Слободната и фер конкуренција е заштитена со антимонополско законодавство кое се применува низ целиот свет. Усогласеноста со оваа легислатива гарантира дека нема непотребно нарушување на конкуренцијата на релевантните пазари- во корист на сите учесници на пазарот.

Работиме исклучиво врз основа на заслуги и принципи на пазарната економија, како и слободна и отворена конкуренција.

Сакаме да се мериме со нашите конкуренти, секогаш ги почитуваме законите и прописите почитувајќи ги етичките принципи.

Особено се забранети договорите и усогласените практики меѓу конкурентите кои имаат за цел да постигнат или да влијаат на спречување или ограничување на слободната конкуренција.

Ова особено вклучува размена на цени и ценовни компоненти, рокови и услови, поделба на групи и територии на клиенти и ограничувања на иновациите. Дополнително, забранета е размена на конкурентно чувствителни информации. Забранета е и злоупотреба на доминантна позиција на пазарот. Понатаму, потребна е соодветна примена на процедурите за контрола на концентрација во однос на соработката и трансакциите.

Антиконкурентното однесување има потенцијал не само значително да ѝ наштети на добрата репутација на Компанијата, туку може да резултира и со сериозни казни, финансиски надоместоци и други казни.

Ние не склучуваме никакви анти- конкурентни договори со конкуренти, добавувачи или клиенти. Доколку нашата компанија има доминантна позиција на пазарот, не ја злоупотребуваме истата.

Ги почитуваме специфичните антимонополски одредби за дистрибутивни системи во нашите работи со нашите овластени дистрибутивни партнери.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Секогаш кога ќе стапам во контакт со конкурентите, се грижам да не давам или примам какви било информации што би овозможиле да се извлечат заклучоци за тековното или идно деловно однесување. Во разговорите или какви било други контакти со конкурентите, избегнувам прашања кои би можеле да бидат важни за меѓусебната конкуренција.

**ПРИМЕР**

Се состанувате со вработените на конкурентите на трговска конференција, со кои разменувате идеи. Погрижете се да не издавате никакви деловни тајни - особено информации со детали кои би можеле да влијаат на слободната и фер конкуренција. Таквите информации вклучуваат цени на производи и услуги, плати или стратешки детали.





## 3.7 Деловни партнери, набавка и продажба

# Внимателно провеȷруваме со кого работиме

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Ние внимателно избираме добавувачи, даватели на услуги и партнерски компании врз основа на објективни критериуми и ја користиме конкуренцијата. Ние соработуваме со деловни партнери само во согласност со законските барања, внатрешните правила и упатства.

Внимателно го провеȷруваме интегритетот на потенцијалните деловни партнери пред да стапиме во деловни односи и ги следиме процесите и процедурите за контакт наведени во правилата и политиките.

При купување или продажба на производи и услуги, на време ги вклучуваме релевантните одделенија во процесот во согласност со важечката политика.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Се запознавам со интегритетот на потенцијалните деловни партнери пред да стапам во деловни односи и ги следам процесите и процедурите за контакт наведени во правилата и политиките. Не покажувам пристрасност во корист на добавувачите, давателите на услуги или партнерските компании без објективна причина и не ја промовирам конкуренција.

## 3.8. Сметководство и финансиско известување

# Посветени сме на правилното финансиско сметководство и известување

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Не купувам никакви производи или услуги без претходно да соберам информации за пазарот и алтернативните добавувачи. Ги следам важечките насоки за набавки и го вклучувам релевантниот оддел за набавки во рана фаза пред планираната испорака и извршување на услугите, во согласност со важечките процеси на набавки.

Се грижам таксата да се плаќа само за услугите кои реално се даваат и плаќањата да бидат сразмерни на дадените услуги.

Исто така ги почитувам релевантните политики пред пуштање во работа на компанијата на Групата.

**ПРИМЕР**

Приметувате дека добавувачот, добавувачот на услуги или партнерската компанија ќе бидат вклучени без вклучување на релевантното одделение за набавка.

Обратете се во релевантното одделение за набавка или кај некој од контактите наведени во поглавјето „Поддршка“, за да

**ПРИМЕР**

бидете сигурни дека е земена предвид понудата која е најисплатлива за компанијата.
35

Internal

Ние строго се придржуваме до законските одредби за правилно сметководство и финансиско известување. Транспарентноста и коректноста се наши приоритети, бидејќи секоја неправилност може да има сериозни последици и за компанијата и за одговорните лица. За таа цел, редовно ги информираме сите учесници на пазарот на капитал за нашата финансиска состојба и деловните трендови. Своите периодични финансиски извештаи ги објавуваме точно во согласност со националните и меѓународните сметководствени прописи.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Ги организирам процесите на таков начин што ќе обезбедам сите деловни финансиски податоци да се правилно и навремено внесени во сметководствениот систем. Во случај на прашања за правилното евидентирање на податоците, ќе му се обратам на мојот супервизор или кај соодветниот финансиски оддел.



Итно ви треба нова опрема. Меѓутоа, буџетот на вашето одделение за тековната фискална година е веќе потрошен. Сепак, размислувајте за набавка на опрема и книжење на трошоците во следната фискална година кога ќе биде освежен вашиот буџет.

Не преземајте такви акции. Записите мора секогаш да бидат правилно доделени. Неправилното објавување на записите може да има сериозни последици за Компанијата и поединечниот вработен

Internal

### 3.9. Контрола на извоз

# Обезбедуваме усогласеност на сите прописи во прекуграничната трговија

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Свесни сме за нашата друштвена одговорност за исполнување на обврските за контрола на извозот и санкциите и изрично се обврзуваме дека ќе го почитуваме релевантното законодавство.

Прекуграничните деловни процеси и трансакции може да подлежат на забрани, ограничувања, барања за одобрување или други мерки за надзор според прописите за контрола на извозот. Тие може да се однесуваат на релевантни деловни партнери, стоки, земји, финансиски ресурси или планирана употреба. Ова се однесува на технологии и софтвер, како и на стоки и производи. Покрај тоа, се применува на привремени прекугранични трансфери и технички трансфери, на пример преку е-пошта или преку облак (cloud). Одредени увози може да подлежат на прописи за контрола на извозот.

Обезбедуваме усогласеност со важечките прописи за контрола на извозот и релевантната внатрешна политика.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Јас сум одговорен/на за редовна проверка за



шните информации и политиката за контрола на извозот. Така контролирам дали мојата секојдневна работа подлежи на прописите за контрола на извозот. 38

Доколку забележам прекршување на прописите за контрола на извозот во мојата зона на одговорност, веднаш ќе ги преземам сите можни мерки за да ги спречам или елиминирам таквите прекршувања.

Доколку се двоумам, ќе побарам совет од релевантниот контакт за контрола на извозот.

**ПРИМЕР**

Би сакале да стапите во деловен однос со потенцијален клиент кој можеби е на списокот со санкции.

Погрижете се да се придржувате до важечките закони. Контактирајте со релевантната единица за контрола на извозот за да ги координирате следните чекори.

# НИЕ СМЕ ДОБРИ КОРПОРАТИВНИ ГРАЃАНИ

**Ние сносиме одговорност за општеството и гарантираме дека нашата компанија придонесува за одржлив развој.**



4.1 Комуникација и маркетинг
4.2 Политичко лобирање
4.3 Работи со јавни службеници
4.4 Донации и социјални спонзорства
4.5 Даноци и царина
4.6 Заштита на податоците
4.7 IT безбедност
4.8 Усклαденост на производите
4.9 Заштита на животната средина

## 4.1 Комуникација и маркетинг

# Комуницираме јасно и со почитување

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Обезбедуваме нашата комуникација да биде јасна и доследна за да ја задржиме довербата на купувачите, инвеститорите и другите заинтересирани страни. Пред да се обврзат и/или да спроведат каква било мерка за комуникација или маркетинг, тие мерки мора прво да се координираат со релевантниот оддел. Грижата и меѓусебното почитување се составен дел од нас.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Јас не давам никаква јавна изјава во име на својата компанија и секогаш ги упатувам сите барања во Одделот за комуникации. Ако дадам какви било коментари на јавни, комерцијални или културни настани или на Интернет, јасно ставам до знаење дека го изразувам само моето лично мислење. Ги консултирам упатствата на компанијата за социјалните медиуми за совети за правилно однесување на социјалните мрежи.

### ПРИМЕР

Вработен во Групата дал коментари за медиумите за продажба на производи од друг бренд на Групата. Ова остава впечаток дека вработениот зборува во име на брендот во службено својство.

Контактирајте го вработениот и објаснете му дека само овластените единици можат да даваат официјални коментари за компанијата и нејзините производи. Препратете ги коментарите до надлежната единица со барање да се разгледа дали е неопходен јавен одговор.



## 4.2 Политичко лобирање

# Ставовите на нашата компанија ги застапуваме на одговорен и јасен начин

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Како член на друштвото, можеме посебно да ги промовираме позициите на компанијата за време на процесите на донесување одлуки, како што се оние за законодавни планови преку политичко лобирање. Ние спроведуваме политичко лобирање централно и во согласност со принципите на отвореност и одговорност. Се подразбира дека нашата интеракција со политичките партии и интересни групи се заснова на принципот на неутралност. Не е дозволено прекумерно влијание врз политиката или законодавството.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Не се обидувам да интервенирам во политички одлуки во име на компанијата доколку не сум овластен да го правам тоа. Доколку сум овластен да го правам тоа, ја почитувам релевантната внатрешна политика при извршувањето на моите должности.

### ПРИМЕР

Имате роднина што работи во Министерството за сообраќај и бара мислење од вас за нацрт-законот што ќе влијае на автомобилската индустрија. Исто така, ве прашува за ставот на Групата за овој закон. Не коментирајте.

Политичкото лобирање во Компанијата е исклучиво координирано централно и се спроведува отворено и транспарентно. Овластен контакт за ваквите активности на лобирање е Одделот за надворешни односи.





Internal

## 4.3 Работа со јавни службеници

# Ние сме внимателни кога работиме со јавните службеници

### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Со оглед на националното и меѓународното законодавство, постои зголемен ризик од корупција кога се работи со јавни службеници. Ова е земено предвид во нашата внатрешна политика, која ја поставува рамката во поглед на придобивките. Конкретно, не вршиме никакви плаќања за олеснување или забрзување, т.е. плаќање на јавни службеници кои ги олеснуваат или забрзуваат редовните или рутинските службени дејствија.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Свесен/на сум дека постои зголемен ризик од корупција при работата со јавните службеници. Затоа се запознав со важечките посебни правила. Разбирам дека имам обврска да се консултирам со одделот за усогласеност во врска со ова.



### ПРИМЕР

Како дел од надворешната ревизија спроведена од организација за техничка ревизија за да се добие задолжителен сертификат, би сакале да ги поканите ревизорите од ревизорската организација на ручек.

Вработените во ревизорските организации мора да се сметаат за јавни службеници бидејќи извршуваат суверени функции во име на државата со вршење на сертификација. Поради оваа причина, имате обврска однапред да го вклучите релевантниот оддел за усогласеност. Тие исто така ви помагаат да процените дали засегнатите лица се сметаат за јавни службеници.



44

## 4.4. Донации и социјални спонзорства

# На многу начини му се обврзуваме на општеството

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Ние даваме донации, односно доброволни прилози без враќање од страна на примачот, и доделуваме спонзорства, односно придонеси врз основа на договорно договорена услуга за враќање за општествени цели, за да постигнеме позитивно влијание во однос на нашиот углед и перцепција во јавноста. Со цел да се избегне конфликт на интереси и да се обезбеди стандардно однесување во рамките на Компанијата, донациите и мерките за спонзорство се дозволени само во контекст на соодветната законска рамка и во согласност со важечките внатрешни правила на брендовите и компаниите на Групата.

Донациите и мерките за спонзорство се даваат само во согласност со транспарентниот процес на одобрување. Ние одобруваме плаќања и/или безготовински придобивки за научни, добротворни, културни или религиозни цели. Покрај тоа, даваме донации исклучиво на институции кои се признати како добротворни и/или даночни привилегирани.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Ако ми се чини дека одредена мерка за спонзорство вреди да се поддржи, ќе го остварам првиот контакт со соодветните сектори во Компанијата, на пример, одделот за Комуникации, Надворешни односи или за Човечки ресурси.

Распределбата на донациите мора да биде транспарентна, односно целта, примателот на донацијата, а финансиското управување мора да биде документирано и проверливо. Ќе ги почитувам внатрешните процеси и општите услови и нема да иницирам никакви донации кои би можеле да го нарушат угледот на нашата компанија.

**ПРИМЕР**

Навивате за одреден фудбалски клуб и сакате да обезбедите финансиска поддршка во форма на корпоративно спонзорство.
Одлуките за спонзорство се донесуваат во согласност со сите применливи процеси, во консултација со сите релевантни оддели и се засноваат на објективни критериуми. Ако мислите дека вашиот клуб или друг примател на спонзорот не ги исполнува критериумите на компанијата за социјалноспонзорство, пријавете го во својот оддел за усогласеност.

## 4.5. Даноци и царина

# Строго ги почитуваме даночните и царинските прописи

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Како глобална компанија, ние сме свесни за нашата општествена одговорност за исполнување на нашите обврски во однос на надворешната трговија, даноците и царините и експлицитно го поддржуваме почитувањето на националното и меѓународното законодавство.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Ги дизајнирам внатрешните структури и процеси на таков начин што ќе осигурам даноците и давачките што ги плаќаат соодветните компании на Групата да се пресметуваат точно, навремено и целосно, да се обелоденат во извештаите и да се плаќаат на релевантните фискални органи.

Доколку наидам на информации за прекршување на даночните и царинските прописи во мојата област на одговорност, ќе направам сè што можам за да го спречам или прекинам ова прекршување. Доколку тоа не е можно, ќе стапам во контакт со соодветното лице за контакт во даночната и царинската служба.

**ПРИМЕР**

Вие сте одговорни за евидентирање на одредени деловни трансакции, на пример општи режиски трошоци, како што се трошоците за одржување и трошоците за производство, во законските финансиски извештаи. Еден проект надминува одредени контролни параметри на почетокот финансиска година. Затоа, ви е наложено да извршите внес под трошоци за одржување иако трансакцијата несомнено се однесува на инвестиција и затоа



мора да се третираат како капитализирани трошоци на производството.
Поставете го внесот во согласност со законските барања. Сите деловни трансакции мора правилно да се пријават во согласност со трговските закони и даночните прописи бидејќи овие сметководствени записи ја формираат основата за даночни пријави. Поради тоа, сметководствените грешки може да доведат до неточни даночни пријави и до сериозни последици за даночното и царинското законодавство за компанијата и за одговорните вработени.

## 4.6. Заштита на податоците

# Внимателно ракуваме со податоците




### КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП

Придаваме големо значење на одговорното, безбедно и транспарентно ракување со податоците. Ние ги собираме, обработуваме, користиме и чуваме личните податоци исклучиво во согласност со законските барања. Ги заштитуваме личните информации на купувачите, вработените - вклучувајќи ги и поранешните вработени и кандидатите - и партнерите како што се добавувачите и развојните партнери.

### МОЈОТ ПРИДОНЕС

Со личните податоци ракувам доверливо и моите постапки се јасни и транспарентни. Ја интегрирам заштитата на податоците во моите постапки и процеси и обезбедувам безбедност на сите податоци во мојата зона на одговорност. Ја преземам одговорноста и внимавам на безбедната размена на податоци низ целиот синџир на вредности. Во случај на сомнеж, ќе го контактирам мојот супервизор или релевантниот оддел за заштита на податоци.

### ПРИМЕР

Организиравте семинар со надворешни учесници и добивате лични податоци во врска со семинарот. Колегата бара да ги проследите адресите на учесниците за да им испратите комерцијални известувања за нашите производи и услуги.

Не ги проследувајте овие податоци без претходно да се консултирате со организацијата за заштита на податоците. Како општ принцип, податоците може да се обработуваат само за целта за која се собрани.

### 4.7. IT безбедност

# Ние ги штитиме нашите IT системи

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Ние ја почитуваме IT безбедноста и се придржуваме со важечките прописи за безбедност на информациите. Регулативите за информациската безбедност обезбедуваат насоки за различни групи за ангажирање и релевантни се за сите вработени.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Запознаен/а сум со важечките прописи за IT безбедност и ги почитувам тие правила. Како дел од IT безбедносниот синџир, давам активен придонес со тоа што сум внимателен во секое време и со осигурувањето дека моите основни IT безбедносни вештини се секогаш ажурирани.

**ПРИМЕР**

Добивате е-пошта од некој кој тврди дека е деловен партнер и бара одредени доверливи информации за тековниот проект. Сметате дека содржината на е-поштата е необична идека самото барање изгледа лажно.

Обратете се во соодветниот оддел за IT безбедност за да разјасните дали вашето сомневање е точно. Проверете кај вашиот претпоставен дали доверливите информации може да се споделат со трети лица.

### 4.8. Усклađеност на производите

# Со нашите производи го инспирираме светот

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Нашите производи инспирираат безброј луѓе ширум светот. Ние даваме висок приоритет на усогласеноста и безбедноста на нашите производи. Имаме одговорност да обезбедиме ризиците по здравјето, безбедноста, животната средина и имотот на нашите клиенти или трети страни кои произлегуваат од употребата на овие производи да бидат исклучени каде што е можно.

Во согласност со законските одредби, нашите производи ги развиваме со најсовремена технологија, земајќи ги предвид другите обврски како што се дополнителните безбедносни барања кои произлегуваат од состојбата на научното знаење.

Ова систематски се обезбедува преку воспоставените структури и стабилни процеси. По пласирањето на пазарот, нашите производи постојано се следат на теренот за да може веднаш да се преземат соодветни мерки во случај на евентуално несовпаѓање. Во овој поглед, нè правиме никакви компромиси.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Во мојата секојдневна работа ги почитувам сите релевантни одредби. Поставувам реални цели. Доколку постои конфликт на цели, усогласеноста со нашите производи секогаш е главен приоритет, без оглед на притисокот на времето или трошоците. Затоа ги прифаќам нашите дефинирани процеси и постојано ги подобрувам. Заеднички ги идентификуваме и елиминираме празнините во процесите со цел да ги исполниме сите обврски. Контактирам со мојот супервизор или со тимот на PCMS ако имам прашања или недоразбирања во врска со усогласеноста со производот.

**ПРИМЕР**

Клиент ве контактира за да пријави технички проблеми со возилото. Не сте сигурни дали се проблеми поради грешка во работат од страна на клиентот или грешка во производството или конструкцијата.

Веднаш појаснете ја работата. Од суштинско значење е да се погрижиме нашата компанија да го отстрани секој проблем за кој е одговорна. Покрај тоа, грешките од страната на клиентот може да бараат и одговор од нашата компанија, како

што се промени во упатството за употреба или обука за примена.



Internal

## 4.9. Заштита на животната средина

# Ние сме одговорни за животната средина и одржливоста

**КОРПОРАТИВЕН ПРИНЦИП**

Како глобално комерцијално претпријатие, сносиме одговорност за еколошката компатибилност и одржливост на нашите производи, локации и услуги. Нашата компанија се стреми да биде глобален снабдувач на одржлива мобилност и пример за заштита на животната средина. Се фокусираме на еколошки прифатливи, напредни и ефикасни технологии, кои ги применуваме во текот на целиот животен циклус на нашите производи. Од најраните фази на развој и производство па натаму, ние се грижиме внимателно да управуваме со природните ресурси, постојано да го намалуваме нашето влијание врз животната средина и да се усогласиме со законите и прописите за заштита на животната средина.

И не само тоа, ние постојано ја проценуваме еколошката компатибилност на производите и производните процеси, оптимизирајќи ги таму каде што е потребно. Ние сме одговорен член на општеството и партнер за политиката. Бараме дијалог со идентични субјекти за идните концепти на мобилност и





азвој.

**МОЈОТ ПРИДОНЕС**

Во мојата работа се грижам за заштита на животната средина и економично и ефикасно ги користам ресурсите и енергијата. Сметам дека моите активности имаат најмало можно влијание врз животната средина и дека се усогласени со законите и прописите за заштита на животната средина.

**ПРИМЕР**

Забележувате дека постојано капе славината за вода што е инсталирана на мијалникот во канцеларијата; ова може да потроши големи количини вода доколку не се поправи.

Веднаш пријавете им го дефектот на чешмата на надлежните лица и укажете им на проблемот

# ПОДДРШКА

**Нудиме поддршка во делувањето со Кодексот на однесување.**

### СПРЕЧУВАЊЕ НА НЕДОЛИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ТОЧКИТЕ ЗА КОНТАКТ И СИСТЕМОТ ЗА УКАЖУВАЧИ

Нашиот Кодекс на однесување обезбедува обврзувачка рамка за постапување со интегритет и во согласност со правилата во рамките на нашата Група. Како вработени во Групата, имаме одговорност да ги почитуваме принципите на нашиот Кодекс со цел да спречиме прекршување на прописите и на тој начин да избегнеме штета за компанијата. Прекршувањата на законите и внатрешните политики веднаш се истражуваат. Во зависност од тежината на прекршокот, ова може да има дисциплински, граѓански или кривични последици за вработените. Докажаното недолично однесување може да влијае и на надоместот. Затоа разговараме со својот претпоставен или веднаш бараме стручен совет доколку имаме прашања или недоумици или ако се сомневаме дека дошло до повреда на внатрешните или надворешните прописи.

Одделот за човечки ресурси и претставниците на вработените се тука за да обезбедат поддршка. Може да контактираме во секое време и со службеникот за усогласеност на компанијата или со советодавната служба за усогласеност на:

**Е-пошта: compliance@porsche.co.at**

Дополнително, може да поднесеме извештаи во врска со повреда на прописите преку системот за укажување на Volkswagen Група.



Можеме да го дадеме своето име или да поднесеме пријава анонимно. Свесни сме дека системот за укажување на Volkswagen Групата е одговорен за истражување на извештаите за сериозни повреди на прописите.

Сериозно прекршување на прописите е значително прекршување на нашите етички вредности како што е наведено во Кодексот на однесување. Исто така, прекршувањата на статутарните закони или прописи кои можат значително да влијаат на угледот или финансиските интереси на Компанијата, исто така, се сметаат за сериозни прекршувања на прописите. Во сите други случаи, прво треба да побараме совет од нашиот супервизор, иделот за човекови права или одделот за усклađеност. Менаџерите имаат посебна функција како примери. Одлуките што ги донесуваат за компанијата мора секогаш да ги земаат предвид вредностите и прописите. Ова вклучува веднаш пријавување за основано сомневање за конкретни индикации за сериозно прекршување на прописите.

Целта на системот за укажувачи е да ја заштити нашата компанија, укажувачот и сите лица кои придонесуваат за истрага и разрешување на недоличното однесување..

Diskriminacija protiv njih se sama po sebi smatra ozbiljnim kršenjem propisa.

Istovremeno, sistem uzbunjivača štiti interese umešanih osoba. Za njih važi pretpostavka nevinosti sve dok se povreda ne dokaže. Rad Sistema uzbunjivača zasniva se na jedinstvenim procesima i poverljivoj, profesionalnoj obradi prijava.

во контакт со некој од лицата за контакт наведени во овој дел.





© VOLKSWAGEN AKTIENGESELLSCHAFT

Групен интегритет и усогласеност
Letterbox 1717
38436 Wolfsburg
Германија